**20182344409**

**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 30 став 4 од Законот за рамномерен регионален развој („Службен весник на Република Македонија“ бр. 63/07, 187/13, 43/14, 215/15 и 64/18), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 18.12.2018 година донесе

# ОДЛУКА ЗА КЛАСИФИКАЦИЈА НА ПЛАНСКИТЕ РЕГИОНИ СПОРЕД СТЕПЕНОТ НА РАЗВИЕНОСТА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 2018 ГОДИНА ДО 2023 ГОДИНА

Член 1

Со оваа одлука се утврдува класификација на планските региони во Република Македонија според степенот на развиеноста за периодот од 2018 година до 2023 година.

Член 2

Класификацијата на планските региони според степенот на развиеноста за периодот од 2018 година до 2023 година е следна:

| Плански регион | Развоен индекс | Економско социјален индекс | Демографски индекс |
|---|---|---|---|
| Скопски | 151,0 | 147,7 | 153,5 |
| Југоисточен | 97,1 | 129,5 | 72,4 |
| Источен | 96,1 | 136,4 | 65,5 |
| Пелагониски | 91,2 | 109,1 | 79,6 |
| Вардарски | 73,5 | 70,5 | 75,9 |
| Југозападен | 81,4 | 97,7 | 69,0 |
| Полошки | 82,4 | 50,0 | 106,9 |
| Североисточен | 62,7 | 27,3 | 89,7 |

Член 3

Учеството на планските региони во распределбата на средствата за финансирање на проекти за развој на планските региони во периодот од 2018 година до 2023 година, согласно извршената класификација во член 2 на оваа одлука, е следно:

| Плански регион | Учество во државната помош за рамномерен регионален развој (во %) |
|---|---|
| Скопски | 7,2 |
| Југоисточен | 11,1 |
| Источен | 11,3 |
| Полошки | 13,2 |
| Пелагониски | 11,9 |
| Вардарски | 14,7 |
| Југозападен | 13,3 |
| Североисточен | 17,3 |

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 44-10933/1
18 декември 2018 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
**Оливер Спасовски,** с.р.